Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 584-0306
25.12.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 18 декември 2019 година, врз основа на примена жалба од Марина Костова, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Курир", со текстот насловен „Тажна сторија: Осумчлено семејство од кумановско трипати одбиено за социјален стан", го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 3 и 12.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 9 декември 2019 година, новинарката Марина Костова поднесе жалба за текстот со наслов „Тажна сторија: Осумчлено семејство од кумановско трипати одбиено за социјален стан“, објавен на 7 декември 2019 година, на интернет – порталот „Курир“ (www.kurir.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и нарушување на авторски права. Подносителот на претставката појаснува дека интернет-порталот „Курир“ презел и објавил текст на дигиталната редакција „Сакам да кажам“, објавен пред три години, презентирајќи го како целосно нова и актуелна содржина.

„Сакамдакажам.мк смета дека станува збор за крајно непрофесионална и груба манипулација и злоупотреба на оригиналната содржина на редакцијата од страна на порталот, бидејќи очигледно е дека текст од архивата стар три години се презентира како актуелен“, се вели во поднесената жалба.

Подносителот на претставката, меѓу другото, посочува и дека, по реакцијата на „Сакам да кажам“, интернет-порталот „Курир“ го отстранил текстот, но дека содржина сѐ уште била активна на агрегаторот Тиме.мк.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет-порталот „Курир“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 3 и 12.

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.* (во делот, генерално

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или тргне, тоа мора да биде јасно назначено).

***Член 12:** „Плагијатортвото е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 18 декември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за грубо кршење на професионалните и етички стандари и тенденциозен обид стара преземена содржина да се претстави како нова и актуелна. Станува збор за текст на интернет – порталот „Сакам да кажам“ стар три години кој интернет - порталот „Курир“ го презема и го пласира како сосема нова содржина, со незначително изменет наслов:

„Осумчлено слепо семејство три пати одбиено за социјален стан“ (СДК - **06.12.2016**)

„Тажна сторија: Осумчлено семејство од кумановско трипати одбиено за социјален стан“ (Курир - **07.12.2019**)

Ваквата новинарска постапка не може да се оцени никако поинаку освен чист сензационализам и грубо дезинформирање и манипулација со јавноста. Ова уште повеќе што се работи за исклучително сензитивен и чувствителен текст, чие непромислено реобјавување може да предизвика негативни ефекти и да влијае врз чувствата на членовите на семејството, чиј социјален статус бил тема на обработка на текстот пред три години. Оттука, Комисијата најде дека со објавувањето на текстот прекршен е членот 12 од Кодексот на новинарите, според кој плагијатортвото е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

Во продолжение, Комисијата утврди дека интернет – порталот „Курир“, во меѓувреме, целосно го отстранил текстот, што недвосмислено упатува на тоа дека медиумот бил свесен за грешката и свесно се обидел да „побегне“ од одговорност. Членовите на Комисијата најдоа дека со повлекувањето на содржината медиумот го прекршил и членот 3 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели дека генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или тргне тоа мора да биде јасно назначено.

Комисијата, на крајот, констатираше дека и други интернет – портали го презеле и објавиле оспорениот текст, но дека не се предмет на жалбената постапка.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Курир" (www.kurur.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595